# Општина Кочани

*Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија*
*Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542*
*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*


Врз основа на член 17 став (2) од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.10/2020),член 40, член 40-а и член 40-б од Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.12/2020), одлука за формирање на Локален младински Совет на општина Кочани, донесена од Градоначалникот на Општина Кочани (бр.03-1459/1 од 25.09.2024), и Одлуката на Локалното Собрание на млади на Општина Кочани (бр.03-1459/32 од 06.12.2024), Локалното собрание на млади во соработка со Општина Кочани на ден 06.12.2024 година објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за избор на членови за формирање на Локален младински совет**

I. **Опис на јавниот повик:** Локалното Собрание на млади на Општина Кочани распишува Јавен повик за членство во Локалниот младински совет на Општина Кочани.
Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општина Кочани, во локалните медиуми, на социјалните мрежи и на други јавни места.

II. **Право на учество:** Јавниот повик е упатен до формите на организирање и здружување кои ги предвидува Законот за младинско учество и младински политики, а тоа се: **младинските организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување,** кои не мора да бидат регистрирани во општината, но мора да имаат активности на територијата на општина Кочани.

III. **Цел на овој повик:** младинските организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување да поднесат пријава до Општина Кочани со која ќе номинират свои членови, за формирање на Локален младински совет на Општина Кочани.
Собранието на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.
За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.
Членовите на локалниот младински совет се верификуваат од страна на Советот на Општина Кочани, по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на Општина Кочани.
Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик претседател.
Номинираните членови за локално собрание на млади треба да се жители на општина Кочани и да се на возраст од 15-29 години

IV. **Задача и улога на ЛМС:** Локалниот младински совет има советдавна и застапувачка улога во општините. Претставниците на Локалниот младински совет иницираат прашања за млади пред општините, учествуваат во процесот на изработка на локалната младинска стратегија и акциски план за нејзино спроведување, предлагаат точки на дневен ред на советите на општините, вршат советодавни и застапувачки активности во интерес на младите кон општината.

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

**V. Потребни документи:** Младинските организации заинтересирани да аплицираат треба да ги достават и следните документи:

1. Пријава за номинација на член/членови за Локалниот младински совет (*Образец во прилог*)
2. Портфолио на организацијата/групата/здружението
3. Извештај за работата на младинската организација / здружението за 2023- 2024 година или друг документ во кои се наведени реализирани активности со млади, младински политки и иницијативи на подрачјето на општина Кочани,
4. Писмо со номинација за член/членови на локалниот младински совет и контакт информации за истите
5. Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.
6. Изјава за согласност за користење на лични податоци (*Образец во прилог*) и
7. Изјава за согласност од номинираните лица за прифаќање на номинацијата (*Образец во прилог*)

**НАПОМЕНА:** Организациите кои се дел од иницијативниот одбор и имаат претставници во Локалното собрание за млади, документи наведени под број 2 и 3 (портфолио на организацијата и извештај за работата) не е потребно повторно да ги доставуваат.

**VI. Начин на поднесување на документите, рок и место**: Сите заинтересирани младински организации или други младински структури кои ги исполнуваат условите наведени во овој Повик, можат да поднесат Пријава за номинација на свои претставници со потребната документација, **секој работен ден од 07:30-15:30 часот до крајниот рок за поднесување на пријави:**

- во Едношалтерска канцеларија на Општина Кочани на ул.„Раде Кратовче“ бр.1 Кочани 2300,
- по пошта на наведената адреса на Општина Кочани или
- целокупната документација да ја скенират и достават на е- маил адресата: s.davitkova@kocani.gov.mk или b.spanchevska@kocani.gov.mk

Писмената документацијата се поднесува во затворен плик означен со ознака: **„За јавен повик за член на „Локален младински совет“**, ако се поднесува по електронски пат се опишува предметот на пораката: „За јавен повик за член на „Локален младински совет“,

**VII. Период на траење на јавниот повик:** Јавниот повик трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на веб страната на Општина Кочани, односно од **06. 12.2024 година до 20.12.2024 година (краен рок)**

**VIII. Постапка за разгледување на поднесените пријави:** Поднесените пријави ќе ги разгледа верификационата комисија на Локалното собрание на млади на Општина Кочани и ќе ја утврди валидноста и прифатливоста на поднесената документација.

**IX. Дополнителни информации:** Лица за контакт за дополнителни информаци Цаци Давиткова тел:070/348-425 и Бубе Спанчевска тел:070/375-731

Бр. 03-1459/33
06.12.2024 година
Кочани

**ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ**
**НА ОПШТИНА КОЧАНИ**
**Претседавач**
Надалина Грозданова

Изработка:
Службеник за млади: С.Давиткова
Зам.Службеник за млади: Љ.Спанчевска